РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Одбор за акредитација и евалуација
на високото образование
Бр. 14-1802
25.06.2012 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и член 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10, 17/11,51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14), Одборот за акредитација и евалуација на високото образобание на Република Македонија, на својата 11. седница одржана на 21.06.2012 година, донесе

Universiteti i EJL në Tetovë - Republika e Maqedonisë
ЈИЕ Универзитет во Тетово - Република Македонија
SEE University at Tetovo - Republic of Macedonia
Tetovë-Тетово-Tetovo

| Pranuar Примено Received | 22.06.2012 | | |
|---|---|---|---|
| Nj. org. Орг. Един. Org. unit | Numër Број No. | Shtojcë Прилог Attachment | Vlëra Вредност Value |
| 03 | 680/2 | / | / |

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за акредитација на студиска програма „Компјутерски науки", прв циклус тригодишни студии на Факултетот за современи науки и технологии, при Универзитет на Југоисточна Европа Тетово**

1. Се акредитира студиска програма програма **„Компјутерски науки", прв циклус тригодишни студии на Факултетот за современи науки и технологии, при Универзитет на Југоисточна Европа Тетово** согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Студиската програма од точка 1 на ова решение е во траење од три години (шест семестри).

3. По завршените студии на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС и со звање: **Дипломиран по компјутерски науки,** Научно - истражувачко подрачје: Техничко - технолошки науки, научно - истражувачко поле: Графичко инженерство, научно - истражувачка област: повеке области од наведените полиња.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Врз основа на донесената одлука на Наставно - научниот совет на Факултетот за современи науки и технологии, и одлуката од Универзитетски сенат на Универзитет на Југоисточна Европа, за организирање прв циклус тригодишна студиска програма „Компјутерски науки", на 04.04.2012 година до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ

достави предлог за прифаќање на елаборат за акредитација на предметната студиска програма

Одборот за акредитација и евалуација на високото обвразование во РМ, на 9 седница одржана на 26.04.2012, формира експертска комисија за оценка на доставениот предлог и врз основа на оценката на доставениот елаборат и извештајот на експертската комисија, на својата 11. седница одржана на 21.06.2012 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Претседател
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование

Проф. д-р Михаил Петковски